ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За реализација на ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО
НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2021 ГОДИНА

ЈКП Дервен
Сектор Паркови и зеленило

Февруар – 2022 год.

Програмата за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес ја реализираше Одделението за одржување на зеленило и постапување со деградирани дрвја – ЈКП Дервен - Велес .

Оперативната Програма за одржување на јавното зеленило е насочена кон одржување на зеленилото во парковските површини, зеленилото на скверовите во централното градско подрачје, скверовите на улиците и на влезовите во Град Велес и на др. помали зелени површини заради хортикултурно уредување, високо естетско оплеменување на просторот и урбан изглед на градот.

Спроведувањето на програмата опфаќа :

- Одржување на јавните зелени површини (паркови, зелени површини во централно градско подрачје, скверови на улици, влезови во град);
- Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и останати зелени површини (патеки во зелените површини);
- Одржување на дрворедите;
- Постапување со оштетени дрвја на јавни површини на територија на Општина Велес;
- Одржување на зелени површини по потреба.

По Програмата за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес **планирани се 14.280.000 ден.** од кои:

1. Одржување на зелени површини 12.315.988 ден.
2. Постапување со оштетени дрвја 750.000 ден.
3. Одржување на зелени површини по потреба 914.012 ден.
4. Одржување на Рекреативен центар езеро Младост 300.000 ден.
   Ставката Постапување со заробени дрвја не беше во надлежност на Секторот Паркови и зеленило

Реализирани се 14.569.602 ден. од кои:

1. Одржување на зелени површини 12.901.202 ден.
   (Во кои се вклучени и 300.000 ден.од одржување на Рекреативен центар езеро Младост)
2. Постапување со оштетени дрвја 1.035.504 ден.
3. Одржување на зелени површини по потреба 527.287 ден.

Вкупната ефективна површина на јавни зелени површини која ја одржуваше Одделението изнесува **363.265 м^2**.

ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВО ГРАДОТ

1. ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ со вкупна површина од 198.347 м^2

1.Градски парк	71.448 м^2
2.Парк „Општина“	13.768 м^2
3.Парк „Гимназија“	18.600 м^2
4.Младински парк	11.500 м^2

5.Парк „Васил Главинов“	5.084 м^2
6.Парк „Офицерски“	2.847 м^2
7.Парк „Автобуска“	5.200 м^2
8.Парк „Каршијака“	1.350 м^2
9.Парк под Железен мост	15.800 м^2
10.Парк Костурница	6.750 м^2
11.Парк Узус	6.000 м^2
12.Езеро Младост	40.000 м^2

2. ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ со вкупна површина од 26.760 м^2

1.Зелени површини на ул.„Благој Ѓорев	10.947 м^2
2.Зелени површини на ул.“ 8-ми Септември“	2.947 м^2
3.Зелени површини на ул. “Димитар Влахов“	3.272 м^2
3.Зел. пов. Кружен тек - ул. “Димитар Влахов“	2.512 м^2
5.Зелени површини – комплекс Узус	7.082 м^2

3. УЛИЦИ И СКВЕРОВИ со вкупна површина од 66.931 м^2

1.ул.„Благој Ѓорев“	16.669 м^2
2.ул.„Живко Фирфов“	7.211 м^2
3.ул.„Слако Ѓеорѓиев - Сватот“	2.600 м^2
4.ул.„Луј Пастер“	2.550 м^2
5.ул.„Васил Главинов“	3.880 м^2
6.ул.„Лазо Осмаков“	2.205 м^2
7.Сквер „Симпо“	1.668 м^2
8.ул.„Индустриска“	1.200 м^2
9.ул.„11-ти Октомври“	4.680 м^2
10.ул. Никола Карев	1.210 м^2
11.ул.„Борис Трајковски“	2.000 м^2
12.ул.„Методија Андонов Ченто“	2.263 м^2
13.ул.„Христо Узунов“	160 м^2
14.ул.„Крсте Мисирков“	800 м^2
15.ул.„Панко Брашнар“	600 м^2
16.Ул.„Андон Шурков“	300 м^2
17.ул.„Алексо Демниевски“	1.720 м^2
18.ул.„Алексо Демниевски“ – жел. Станица	1.500 м^2
19.ул.„АСНОМ“	2.100 м^2
20.ул.„Георги Војтех“	1.316 м^2
21.ул.„Кумановска“	2.219 м^2
22.ул.„Оливер Китановски“	1.150 м^2
23.ул.„Љубљанска“	800 м^2
24.ул.„Сараевска“	750 м^2
25.ул.„Костурска“	1.200 м^2
26.ул.„8-ма Велешка бригада“	600 м^2
27.Кривини „Војник“	700 м^2
28.ул.„Димко Најдов“	800 м^2
29.ул.„Петре Прличко“	2.080 м^2

4. ВЛЕЗОВИ ВО ГРАД ВЕЛЕС со вкупна површина од 23.800 м^2

1.Влез од Населба Речани	10.000 м^2
2.Влез од Башино село	8.000 м^2
3.Влез од Долни дуќани	3.000 м^2
4.Влез од Превалец	1.400 м^2
5.Влез од Костурница	1.400 м^2

5. ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛО ВО СЕЛАТА со вкупна површина од 47.427 м^2

1.Одржување на зеленило во селата	47.427 м^2

Одделението за одржување на зеленило и постапување со деградирани дрвја ги спроведе скоро сите работни операции за успешно одржување на јавните зелените површини предвидени со Програмата за одржување, кои се менливи и во директна корелација со временските и климатските услови. За реализирањето на Програмата, Одделението доставува секој месец месечни извештаи во кои детално се утврдени: локација, квадратура, сите предвидени и реализирани работни операции, број на повторувања на работните операции и финансиските показатели.

Програмата во овој дел е целосно реализирана.

Реализирани финансиски средства по месеци според месечни извештаи доставени до Општина Велес се вкупно 12.901.202 денари.

1. Јануар	537.579
2. Февруар	569.899
3. Март	804.728
4. Април	1.044.737
5. Мај	1.441.670
6. Јуни	1.500.678
7. Јули	1.782.119
8. Август	1.653.810
9. Септември	1.788.688
10. Октомври	1.012.929
11. Ноември	499.444
12. Декември	264.921
Вкупно	12.901.202

ПОСТАПУВАЊЕ СО ОШТЕТЕНИ ДРВЈА НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Постапувањето со оштетени дрвја на територијата на Општина Велес подразбира кроење на гранки и сечење на оштетени дрвја што се потенцијално опасни за околината и се пристапува после добиено решение од Комисијата за процена на Општина Велес. Реализирани се сите решенија од 2021 година и постапено е соодветно. Одделението за одржување на зеленило и постапување со деградирани дрвја и интервентно постапува во

ситуации на паднати, откорнати или скршени дрвја при неповолни временски услови на повеќе локации;

За реализација на овој дел од програмата планирани се 750.000 ден. но заради поголемиот број на решенија реализирани се 1.035.504 ден.

ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ПО ПОТРЕБА

Во текот на 2021 Одделението за одржување на зеленило и постапување со деградирани дрвја ги реализираше сите вонредни активности по налог на Општина Велес:

- Поставување и отстранување на знамиња на јарболи и канделабри по повод државни празници согласно Програмата за поставување знамиња од Општина Велес;
- Кроење на зимзелени и цветни грмушки на сите зелени површини во градот;
- Одржување на зеленилото околу објектите на ЈКП Дервен, Градските гробишта во Раштани и Фабриката за преработка на вода;
- Учество во одржување на зеленилото на терените, атлетската патека и трибините на градските стадиони, помошните игралишта во Градскиот парк и спортска сала „Гемиџии“;
- Учество со транспорт и работници при отстранување на стари деградирани дрвја од сите јавни површини низ градот;
- Интервентно постапување во ситуации на паднати, откорнати или скршени дрвја при неповолни временски услови на повеќе локации;
- Расчистување на смет и неорганизирано зеленило покрај пешачка патека и крајбрежен појас на езеро Младост,
- Постапување по Решенија–Одобренија издадени од Комисијата за процена на состојбата на оштетените дрвја, со кроење на гранки и сечење на оштетени дрвја на повеќе локации низ градот.
- Насадени се околу 9.000 бр. цветен пролетен и есенски расад на дел од планираните локации во централното градско подрачје.
- Расчистување на висока вегетација на ул.Васа Кошулчева
- Расчистување на неорганизирано зеленило во месноста Потокот
- Расчистување на неорганизирано зеленило околу ССОУ Коле Неделковски за отварање на вакцинален пункт
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Орце Мартинов
- Расчистување на неорганизирано зеленило – хотел Вила Зора
- Расчистување на неорганизирано зеленило – згради Хабитат
- Расчистување на неорганизирано зеленило во с.Оризари, с.Иванковци
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Киро Ќучук
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Васил Главинов
- Расчистување на неорганизирано зеленило и машинско косење на фудбалско игралиште Башино село
- Расчистување на неорганизирано зеленило – населба Рамина
- Расчистување на неорганизирано зеленило – локален пат кон Башино село
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Љубен Весов - оџак Вила Зора
- Расчистување на неорганизирано зеленило - с.Раштани
- Расчистување на неорганизирано зеленило - населба Речани

- Расчистување на неорганизирано зеленило и машинско косење на дворната површина на ТППЕ
- Расчистување на неорганизирано зеленило - муслимански гробишта
- Расчистување на неорганизирано зеленило - по течението на р.Вардар
- Расчистување на неорганизирано зеленило - улици кои водат до црква Св.Пантелејмон
- Расчистување на неорганизирано зеленило - населба Дворови
- Расчистување на неорганизирано зеленило - во отворен атмосферски канал кај кафеана Марија
- Расчистување на неорганизирано зеленило - ул.Мицко Козар
- Расчистување на неорганизирано зеленило -месност Солено чешмиче
- Расчистување на неорганизирано зеленило - месност Теќе
- Расчистување на неорганизирано зеленило - ул.Архиепископ Михаил
- Расчистување на неорганизирано зеленило - ул.Богдан Прличков и ул.Милан Страчков
- Расчистување на неорганизирано зеленило - во кругот на поранешно ООУ ЈХК Џинот
- Расчистување на неорганизирано зеленило - ул.Белградска
- Расчистување на неорганизирано зеленило - ул.Наум Наумовски Борче
- Расчистување на неорганизирано зеленило - потпорен ѕид под Саат кула
- Расчистување на неорганизирано зеленило - месност Потокот
- Расчистување на неорганизирано зеленило - гробишта Св.Пантелејмон и Св.Спас
- Расчистување на неорганизирано зеленило - ул.Петре Прличко
- Расчистување на неорганизирано зеленило - ул.Благој Нечев
- Расчистување на неорганизирано зеленило по течението на реката Вардар под Железен мост, Нов мост и Стар мост за потребите на риболовните друштва и кајакарските клубови
- Расчистување на неорганизирано зеленило - Дневен центар за деца со посебни потреби
- Повеќекратно кроење на гранки кои попречуваат на видливоста во сообраќајот, видливоста на светлината од уличните светилки и на движењето на граѓаните на сите улици во централното градско подрачје и улици опфатени со Програмата за одржување
- Редовно одржување и поправка на водоводните инсталации за наводнување на зелените површини
- Редовна заштита и прихрана на сите цветни површини, дрвореди и новонасадени садници
- Редовно поливање со атомизер на сите новонасадени дрвја во градот каде нема систем за наводнување
- Редовно поливање со атомизер на сите новонасадени дрвја на езеро Младост каде нема систем за наводнување
- Учество во организацијата на манифестацијата Рацинови средби
- Учество во организацијата на манифестацијата по повод 9ти Ноември
- Учество во акцијата за чистење на зелен шумски појас Сопот
- Повеќекратно одржување на сите новоподигнати објекти и содржини на езеро Младост со проектот Смарт Езеро
- Длабоко кроење на дрворедите на ул.8ми Септември и ул.Алексо Демниевски

За реализација на овој дел од програмата планирани се 914.012 ден. но заради помалиот број на налози од Општина Велес реализирани се 527.287 ден.

За финансирањето на оваа програма ЈКП Дервен Склучи договор со Општина Велес, со што работните операции се финансирани од предвидениот и усвоен буџет на Општина Велес, од Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина.

Одделението за одржување на зеленило и постапување со деградирани дрвја при Сектор Паркови и зеленило ја реализираше Оперативната Програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2021 година, самостојно и со меѓусебна соработка со службите на Општина Велес. Ова одделение изготвуваше дневни и месечни извештаи за физичкиот и финансискиот обем на извршената работа и истите навремено ги доставуваше до службите на Општина Велес.

Раководител
Сектор Паркови и зеленило
дипл.инж. Татјана Петровска

Ј.К.П ДЕРВЕН
Директор
дипл.инж.технолог Горанчо Наунчев